ADING
состојка на секоја градба

# АДИНГПОКС АКВА 1Б

*Двокомпонентен епоксиден премаз на водена основа за површинска заштита на бетон изложен на механички и хемиски влијанија*
*Одговара на EN 1504-2: 1.3(C); 2.2(C); 5.1(C); 6.1(C); 8.2(C)*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Епоксиден премаз за завршна заштитна и декоративна обработка на ѕидни и плафонски бетонски површини во: тунели, индустриски и инфраструктурни објекти, магацини, јавни објекти каде се бараат високи стандарди за хигиена и сл. За обработка на патни, железнички и хидротехнички тунели овој премаз овозможува висок степен на заштита од карбонизација, мраз, соли и абење. Се применува за заштита на бетонски конструкции изложени на абразија од вода која тече (потопени столбови на мостови или хидротехнички тунели). Со цел да се постигне повисок степен на заштита на конструкцијата Адингпокс Аква 1Б може да се примени во комбинација со прајмер на епоксидна основа или премаз за хидрофобна импрегнација.

## СВОЈСТВА

- заштита од карбонизација на бетонот;
- водонепропусен;
- паропропусен;
- отпорност на разредени киселини, бази, раствори на соли и минерални масла;
- добра атхезија за подлогата;
- абразивна отпорност;
- механичка отпорност;
- нетоксичен во врзана состојба;
- бактериолошки отпорен;
- лесен за одржување, овозможува перење со вода под притисок;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоена пастозна смеса |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2,0MPa |
| Капиларна апсорпција | EN 1062-3 | $w \leq 0,1 kg/m^2h^{1/2}$ |
| Пропустливост на водена пареа | EN ISO 7783 | класа I Sd<5 m |
| Пропустливост на $CO_2$ | EN 1062-6 | Sd>50m |
| Абразивна отпорност (CS 17) | 5470-1 | < 3000mg |
| Отпорност на удар | EN ISO 6272-1 | класа II ≥10Nm |
| Отпорност на силна хемиска агресија (бензин, дизел, моторно масло, 10%$CH_3COOH$, 20%$H_2SO_4$, 20%NaOH, 20%NaCl) | EN 13529 | класа I, намалување на цврстината ≤ 50% |
| Време на оцврснување на 25°C | - | 24h |
| Отворено време за вградување на 25°C | - | ~90 min. |
| Cross-cut тест | ISO 2409:2013 | класификација 0 - ивиците на засеците се мазни ; нема оштетен квадрат од мрежата |

ЗАШТИТНИ ПРЕМАЗИ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Бетонската подлога треба да е здрава, сува, чиста, без масти, прашина, кондензат и потребно е да биде заштитена од продор на вода и појава на негативен хидростатски притисок. Влажноста на подлогата треба да биде помала од 7%. Доколку подлогата која се обработува е порозна, препорачливо е да се аплицира епоксиден прајмер на водена основа Адингпокс Аква Прајмер, епоксиден глет на водена основа Адингпокс Аква или да се третира со материјал за хидрофобна импрегнација Фасил В. Апликацијата на прајмерот се врши со четка, валјак или со распрскување.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде со старост од најмалку 28 дена, да има минимална јакост на притисок од 25 MPa и да не содржи поголема влажност од 7%. Доколку на конструкцијата има остатоци од масло и цементно млеко, тие треба да се отстранат.

Стара бетонска подлога

Со цел постигнување добра атхезија за подлога од бетон, истата треба да биде здрава и чиста, и да има минимална јакост на притисок од 25 MPa. Пенетрираните маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејќи соодветни репаратурни материјали.

Стара епоксидна подлога

Потребно е лесно машинско стругање на површината со шмиргла и обеспрашување на подлогата. Препорачливо е да се направи пробно поле и да се испита остварената атхезија.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Пред нанесување на материјалот Адингпокс Аква 1Б, потребно е А и Б компонентите засебно да се промешаат 2-3 минути со електричен бавен мешач (до 400 вртежи/min), по што во Б компонентата се додава А компонентата и се меша до потполна хомогенизација. Доколку има потреба материјалот може да се разреди со 5 -10 % вода. Согласно отвореното време за работа, материјалот треба да се употреби во период од најмногу 90 min по замешување на компонентите.

Вградувањето се изведува со четка, ваљак или со распрскување со *airless* пумпа, во два или три слоја. Секој следен слој се нанесува на целосно сув претходен слој во период од 4h до 24h од вградувањето на првиот слој на амбиентална температура од 10 до 35°C и релативна влажност помала од 70%. Максималната дебелина на еден слој од Адингпокс Аква 1Б во свежа состојба треба да изнесува 200-300μm, во спротивно може да дојде до протекување на материјалот. Декларираните својства на производот за заштита на бетонот испитани се при вкупна дебелина на сув слој на премазот од 140μm.

## ПОТРОШУВАЧКА

Адингпокс Аква 1Б, за еден слој: 0,15-0,30 kg/m²
Адингпокс Аква 1Б, за два слоја: 0,35-0,60 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-35°C, заштитен од директно сонце и замрзнување. Рок на употреба: 9 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

Бела боја
По барање на клиентот можно е производот да се произведе и во друга боја.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

| | |
|---|---|
| CE<br>2032 | |
| **АДИНГ А.Д. - Скопје**<br>Новоселски пат (ул.1409)<br>бр.11, 1060 Скопје, Северна Македонија<br>19 | |
| GOAC0XX/4<br>EN 1504-2: 2004<br>**АДИНГПОКС АКВА 1Б**<br>Двокомпонентен епоксиден премаз на водена основа за површинска заштита на бетон од продори, за зголемена физичка и хемиска отпорност на бетонски површини | |
| Пропусливост на $CO_2$ | Sd>50 m |
| Пропусливост на водена пареа | Класа I , Sd ≤ 5 m |
| Капиларна апсорпција и пропусливост на вода | ≤ 0.1 $kg/m^2 \cdot h^{0,5}$ |
| Адхезивна јакост со pull-off тест | ≥ 2,0 $N/mm^2$ |
| Отпорност на удар | Класа II≥ 10 N/m , без појава на пукнатини и деламинација |
| Отпорност на абразија | < 3000 mg |
| Отпорност на силно хемиско влијание | Класа I: 3 дена без притисок ≤ 50 % намалување на Шор цврстина по третман во тест-течности: бензин,дизел и моторно масло; 10 % $CH_3COOH$; 20 % $H_2SO_4$;20% NaOH; 20% NaCl |
| Реакција на пожар | Класа B – s1, d0 |
| Опасни супстанции | Својството не е определено |

<u>Опасност по здравјето</u>: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со вода, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со епоксидни смоли. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист за производот.
<u>Пожар</u>: Производот не е запалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист за производот.
<u>Чистење и депонирање</u>: Неврзани остатоци од Адингпокс Аква 1Б се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист за производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850;е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk